РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 13.03.2023 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Бр. | Прилог: | Вредност: |
| 24 | 317/1 | – | – |

Архивски знак: 2401
Рок на чување: 3 год
______ 20__ год
Потпис

( Образец ПП……)
**До:** Општина Пробиштип
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Здружение Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија Скопје
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Зоран Иванов 07026235; zivanov@yahoo.com
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатски промени?
- За која цел се наменети тие средства?
- Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?
- Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради?
- Како во моментов општината управува со отпадот (собирни центри, депонии и сл.)
- Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето
- Дали Општината има регистар за загадувачи на воздух
- Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 13.3 2023 година**

________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-317/2
22.03 2023 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Здружение Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија Скопје преку застапникот Зоран Иванов** поднесено на ден **13.03.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Барањето од **Здружение Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија Скопје преку застапникот Зоран Иванов** наш бр.24-317/1 од 13.03.2023 година по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

- Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатски промени?
- За која цел се наменети тие средства?
- Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?
- Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради?
- Како во моментов општината управува со отпадот (собирни центри, депонии и сл.)
- Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето
- Дали Општината има регистар за загадувачи на воздух
- Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето

Се УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот **Здружение Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија Скопје преку застапникот Зоран Иванов** имателот на информацијата **Општина Пробиштип** Ви ја доставува информацијата:

1. Вкупниот Буџет на општина Пробиштип за заштита на животната средина и климатски промени за 2023 година изнесува 5.650.000,00 денари и тие се наменети за :

   - За изработка на проекти за енергетска ефикасност предвидени се 300.000,00 денари;
   - За чистење на диви депонии предвидени се 700.000,00 денари;
   - За енергетски улични светилки предвидени се 3.250.000,00 денари;
   - За одржување на мерни инструменти предвидени се 400.000,00 денари;
   - За изработка на проект за рекултивација на јаловишната депонија предвидени се 1.000.000,00 денари.

2. Општина Пробиштип е дел од повеќегодишниот проект за интегрирано управување со отпад во Источен и Североисточен регион, проектот започна да се спроведува од 2012 година и истиот е тековен. Во рамките на овој проект предвидено е затворање на општинските комунални несоодветни депонии во единаесетте општини од Источен плански регион (Берово, Виница, Делчево, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновци и Штип). Исто така, со овој проект за интегрирано управување со отпад предвидена е изградба на инсталација за преработка на отпад која што е заедничка за општините од Источен и Североисточен регион и опфаќа изградба на инсталација за преработка и механичко-биолошки третман на отпадот, регионална санитарна депонија по стандарди на ЕУ директивите за отпад, шест претоварни станици, собирни места за различни видови на отпад, пречистителна станица за отпадни води, мерни мостови и сли.

3. Според регионалниот систем за управување со отпад идниот центар за управување со отпад, во кој што припаѓа и регионалната депонија односно меѓурегионална депонија за отпад за Источен и североисточен регион планирано е да биде на локацијата Мечкуевци-Арбашанци во Општина Свети Николе.

4. За собирање, транспорт и депонирање на отпадот на општинската депонија Озрен се грижи ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип. Општина Пробиштип има потпишано договори со колективни постапувачи со отпад за собирање на одделни фракции на отпад (стакло) и за собирање на отпадна електрична и електронска опрема. Во изминатиот период имаше и контејнери за собирање на пластика но во моментот такви контејнери нема.

5. Општина Пробиштип има изработено основен проект за санација и рекултивација на старата јаловишна депонија и за поставување на фотоволтаици врз неа. Косината на браната на старото јаловиште е најголем извор на аерозагадување и воедно жешка точка во поглед на загадувањата на останатите медиуми на животната средина како што се почвата и подземните и површинските води.

6. Општина Пробиштип нема регистар за загадувачи на воздух.

7. Општина Пробиштип пристапи кон изработка на урбанистичка документација за санација и рекултивација на старата јаловишна депонија и за поставување на фотоволтаици, а исто така изработи и основна техничка документација за поставување на фотоволтаици. Понатаму треба да се спроведат административните постапки за да се дојде до реализација на овој проект и да се избере спроведувач/концесионер на овој проект. На овој начин ќе се реши големиот проблем со загадувањето на воздухот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Пробиштип на 22.03.2023 година, под бр.24-317/2**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

________________________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

________________________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

________________

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-317/3
22.03 2023 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **22.03.2023 година**
**ДО: Здружение Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија Скопје преку застапникот Зоран Иванов**
**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**

**ВРСКА:** 24-317/1 од 13.03.2023 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП